

# Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година



# Содржина


- Вовед
- Структура на вработените во индустријата
- Структура на вработените во МРТ
- Структура на вработените во комерцијалните телевизии
- Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

# Вовед

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја изработи оваа анализа за да добие сеопфатна слика за структурата на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија.

За таа цел, податоците за вработените се анализирани од аспект на работните места (новинари, уредници, техничари, режисери, монтажери и др.), од аспект на статусот на вработените (редовен работен однос или хонорарно ангажирани), како и од демографски аспект (пол, етничка припадност и ниво на образование).

Бројот и структурата на вработените во анализата ја прикажува состојбата на 31.12.2021 година, и тоа посебно на јавниот сервис и посебно на комерцијалните телевизии и радиостаници.



Структура на вработените во индустријата

## Структура на вработените

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 865 | 654 | 138 | 11 | 552 | 313 |
| Уредници | 197 | 159 | 37 | 1 | 167 | 30 |
| Управители/директори | 89 | 48 | 40 | 1 | 79 | 10 |
| Технички кадар (инжeнери и техничари) | 281 | 62 | 204 | 7 | 236 | 45 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 608 | 154 | 442 | 6 | 530 | 78 |
| Маркетинг | 74 | 45 | 25 | 4 | 38 | 36 |
| Преостанат кадар | 335 | 145 | 179 | 8 | 212 | 123 |
| **Вкупно** | **2.449** | **1.267** | **1.065** | **38** | **1.814** | **635*** |

*Агенцијата не располага со податоци за степенот на образование на 79-те хонорарно ангажирани лица во МРТ.

На 31.12.2021 година во целата индустрија биле вработени вкупно 2.449 лица. Во јавниот сервис работеле 685 лица, во комерцијалните телевизии околу двојно повеќе – 1.377 лица, а во комерцијалните радиостаници 387 лица.

Во споредба со комерцијалните радиостаници, каде што бројот на вработените во редовен работен однос (51 %) и хонорарно ангажирани (49 %) бил приближно ист, кај комерцијалните телевизии 73 % биле во редовен работен однос, а 27 %
работеле како хонорарци.







Во редовен работен однос биле 1.814 од вработените, а хонорарно ангажирани биле 635 лица.

Кај јавниот сервис, пак, 88 % од вработените биле во редовен работен однос, а 12 % имале хонорарен ангажман.

Оваа година, споредено со претходната, во целата индустрија имало намалување на бројот на вработените за вкупно 138 лица.

Во Македонската радио-телевизија работеле 94 лица помалку во однос на 2020 година, во комерцијалните телевизии 35 лица помалку, а во комерцијалните радиостаници биле ангажирани девет лица помалку.







Најголем дел од вработените биле новинари (865 лица) и реализаторски кадар, т.е. режисери, сниматели, монтажери (608 лица). А најмалку застапени во структурата на вработените биле лицата вработени во секторот маркетинг.

Со високо образование биле 1.267 лица (53 %), со средно биле 1.065 лица (45 %), а само 38 лица имале друг степен на образование (2 %).*




Според полот, застапеноста на мажите и жените е речиси иста како и претходната година, односно 60 % од вработените биле мажи, а 40 % жени (во 2020 година 61 % биле мажи, а 39 % биле жени).

Што се однесува до етничката припадност, 1.764 биле Македонци, 540 биле Албанци, 45 Турци, 38 Срби, 26 Бошњаци, 20 Роми, девет Власи, а седум биле припадници на други малцински заедници.




*Агенцијата не располага со податок за степенот на образование на хонорарно ангажираните лица во МРТ.




Структура на вработените во МРТ

**Структура на вработените**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 265 | 165 | 38 | 0 | 203 | 62 |
| Уредници | 77 | 72 | 5 | 0 | 77 | 0 |
| Управители/директори | 2 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 103 | 15 | 77 | 3 | 95 | 8 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 171 | 44 | 115 | 6 | 165 | 6 |
| Маркетинг | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Преостанат кадар | 67 | 31 | 31 | 2 | 64 | 3 |
| **Вкупно** | **685** | **329** | **266** | **11** | **606** | **79** |

На крајот од 2021 година вкупниот број вработени во јавниот сервис изнесувал 685 лица (515 лица во Македонската телевизија и 170 лица во Македонското радио). Од вработените во МТВ, 447 биле во редовен работен однос, а 68 биле хонорарно ангажирани.

**515 лица**




Во Македонското радио во редовен работен однос биле 159 лица, а 11 имале хонорарен ангажман.

**170 лица**




Во споредба со претходната година, кога учеството на новинарите и реализаторите во структурата на вработените било исто (по 30 %), во 2021 година учеството на новинарскиот кадар се зголемило (на 39 %), а на реализаторскиот кадар се намалило (на 25 %).

Од вкупно ангажираните лица во МРТ, 307 биле жени, а 378 биле мажи.




Жените биле побројни од мажите кај новинарскиот кадар, уредништвото и преостанатиот кадар, а мажите кај техничкиот и реализаторскиот кадар.




Од вкупниот број вработени во јавниот сервис, 67 % биле Македонци, 24 % биле Албанци, 4 % биле Турци, а 3 % Срби. Кај секоја од овие националности најбројни биле лицата ангажирани како новинари. Застапеноста на Ромите, Власите, Бошњаците и лицата од друга етничка припадност неспомната погоре била многу мала.




Од лицата вработени во редовен работен однос, најголем дел биле со високо образование, односно 329 лица. Од овие, половина биле новинари (165 лица). Средно образование имале вкупно 266 лица, од кои 115 лица биле вработени како реализатори.



Структура на вработените во комерцијалните телевизии

**Структура на вработените**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 424 | 355 | 69 | 0 | 282 | 142 |
| Уредници | 72 | 56 | 15 | 1 | 60 | 12 |
| Управители/директори | 40 | 29 | 11 | 0 | 38 | 2 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 123 | 34 | 88 | 1 | 103 | 20 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 407 | 102 | 305 | 0 | 349 | 58 |
| Маркетинг | 58 | 39 | 19 | 0 | 37 | 21 |
| Преостанат кадар | 253 | 106 | 143 | 4 | 141 | 112 |
| **Вкупно** | **1.377** | **721** | **650** | **6** | **1.010** | **367** |

Вкупниот број вработени во комерцијалниот ТВ-сектор изнесувал 1.377 лица, од кои 1.063 биле во телевизиите кои емитуваат програма на државно ниво, 207 во регионалните и 107 во локалните телевизии.

73 % од вработените биле во редовен работен однос, а 27 % биле хонорарно ангажирани. Само кај локалните телевизии имало повеќе хонорарци, отколку редовно вработени лица.




61 % од лицата во комерцијалните телевизии биле новинари и реализатори (режисери, сниматели, монтажери). Со учество од 18 % во структурата на вработените бил застапен преостанатиот кадар, а учеството на другите категории вработени било под 10 %.

| | **новинари** | **реализатори** |
|---|---|---|
| ТВ на државно ниво преку терестријален мултиплекс | 200 | 257 |
| ТВ на државно ниво преку неограничен ресурс | 98 | 90 |
| ТВ на регионално ниво | 81 | 45 |
| ТВ на локално ниво | 45 | 15 |

Речиси половина (200 лица) од вкупниот број новинари биле ангажирани во петте терестријални телевизии кои емитуваат на државно ниво. Во овие телевизии биле вработени и најголем дел од реализаторскиот кадар (257 од вкупно 407 реализатори во целата ТВ-индустрија).

Поголем дел од вработените во комерцијалните телевизии биле мажи, односно биле вработени дури 365 повеќе мажи од жени.

Лицата од женски пол биле побројни кај новинарскиот и кај преостанатиот кадар, а во сите други категории побројни биле мажите.




Високо образование имале 721 лице, со средно биле 650, а шест лица имале друг степен на образование. Најголем дел од лицата со ВСС работеле како новинари, а најголем дел од лицата со ССС како реализатори.

721
лице со ВСС



49%
новинари

650
лица со ССС



47%
реализатори

Гледајќи ги засебно, од новинарите, како најбројна категорија вработени, 84 % имале висока стручна спрема, а 16 % биле со завршено средно образование. Кај реализаторите состојбата била обратна – 75 % биле со средно, а 25 % со високо образование.




Од вкупно 1.377 лица вработени во комерцијалните телевизии, 989 биле Македонци, 320 Албанци, 21 Бошњак, по 15 Срби и Роми, 12 Турци, двајца Власи и тројца од друга етничка припадност.

И кај вработените од македонска и кај оние од албанска националност речиси подеднакво учество имале лицата ангажирани како новинари и како реализаторски кадар. Односно, 31 % од Македонците биле новинари, а 29 % режисери, сниматели, монтажери и друг реализаторски кадар. Кај Албанците, пак, 31 % работеле како новинари, а 32 % како реализатори.



# Структура на вработените во комерцијалните радиостаници

**Структура на вработените**

| Кадар | Вкупен број | Образование | | | Статус | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВСС | ССС | друго | редовен работен однос | хонорарно ангажирани |
| Новинари | 176 | 134 | 31 | 11 | 67 | 109 |
| Уредници | 48 | 31 | 17 | 0 | 30 | 18 |
| Управители/директори | 47 | 17 | 29 | 1 | 39 | 8 |
| Технички кадар (инженери и техничари) | 55 | 13 | 39 | 3 | 38 | 17 |
| Реализаторски кадар (режисери, сниматели, монтажери и др.) | 30 | 8 | 22 | 0 | 16 | 14 |
| Маркетинг | 16 | 6 | 6 | 4 | 1 | 15 |
| Преостанат кадар | 15 | 8 | 5 | 2 | 7 | 8 |
| **Вкупно** | **387** | **217** | **149** | **21** | **198** | **189** |

Во комерцијалните радиостаници биле ангажирани вкупно 387 лица, од кои 86 лица во радијата кои емитуваат на државно ниво, 122 лица во регионалните и 179 лица во локалните радија.

| РА на државно ниво | РА на регионално ниво | РА на локално ниво |
|---|---|---|
| • 51 рро<br>• 35 хон. | • 56 рро<br>• 66 хон | • 91 рро<br>• 88 хон |

Во однос на претходната година, бројот на лицата во редовен работен однос се зголемил кај радиостаниците на државно ниво (за шест лица), а се намалил кај регионалните (за пет лица) и кај локалните радиостаници (за шест лица). Додека, пак, бројот на хонорарци се намалил кај државните и регионалните (за три, односно четири лица), а се зголемил кај локалните радија (за три лица).

Во сите радија заедно биле ангажирани вкупно 176 новинари, што претставува 45 % од вкупниот број вработени. Речиси подеднакво учество имале уредниците (12 %), управителите (12 %) и техничкиот кадар (14 %).

Што се однесува до половата застапеност на вработените, во комерцијалнте радија работеле 41 повеќе мажи од жени. Поточно, вкупниот број мажи изнесувал 214, а на жени 173.



56 % Високо образование

39 % Средно образование

5 % Друго образование

Најмногу вработени имале високо образование – 217 лица, со средно биле 149 лица, а друг степен на образование имале 21 лице.

Најголем дел од вработените со високо образование биле новинари (134 лица), а од вработените со средно образование најголем дел работеле како технички кадар (39 лица).

Според етничката припадност, во комерцијалните радиостаници биле вработени 319 Македонци, 54 Албанци, шест Турци, четворица Срби, двајца Власи и по еден Ром и Бошњак.



Подготвила: Сања Гудеска-Здравковска
Контролирала: Катерина Доневска
Одобрила: м-р Магдалена Д. Довлева

Согласна: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

______________________
**д-р Зоран Трајчевски**

**Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2021 година**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Палата Панко  Брашнаров, ул. „Македонија“ бр. 38, 1000 Скопје**
**Тел. 02/3103-400**
**www.avmu.mk**
**contact@avmu.mk**